## Влада на Република Северна Македонија

Дата: 18 февруари 2025 година
Архивски број: 50-1861/3
До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 18 февруари 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: Маја Богоевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и<br><br>Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и<br><br>Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,
по скратена постапка

Скопје, февруари 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Северна Македонија задолжителното пензиско и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 , 79/23 и 194/24).

Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со член 37, ја уредува методологијата на усогласување на пензијата.

Член 18 став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 194/24), ја става вон сила системската одредба на член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во периодот од 1 септември 2024 година до 31 август 2025 година. Во овој период пензиите се зголемуваат во фиксен износ од 2.500 денари на 1 септември 2024 година и 1 март 2025 година.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се уредува усогласувањето и зголемувањето на пензијата.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложените изменувања и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување по скратена постапка не предизвикуваат дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување не предизвикува фискални импликации.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/23) се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување

Член 1
Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23 и 193/24), во член 37 став (1) по зборот „врши“ се додаваат зборовите „на корисници на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија“.

Член 2
Во член 160 точка 6) во воведната реченица зборовите „не постар од пет години“ се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„- поседува уверение, сертификат и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“

Член 3
Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 193/24), во член 18 во ставот (3) по зборовите „28 февруари 2025 година“ се додаваат зборовите „и кои се исплаќаат во Република Северна Македонија“.

Член 4
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 се врши усогласување на пензијата на корисници на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија.

Со членот 2 се уредува еден од условите за именување на директорот, односно заменик директорот на Фондот, кој се однесува на поседување на уверение, сертификат и/или потврда со кои се докажува познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија.

Со членот 3 зголемување на пензијата согласно Законот за изменување и дополнување на на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 194/24), се предлага да се врши на корисници на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија.

Членот 4 го уредува влегувањето во сила на законот, кое е денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со донесување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ќе се врши усогласување на пензијата на корисници на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување по скратена постапка се обезбедува соодветно усогласување на пензиите.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 37
(1) Усогласувањето на старосната пензија се врши според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 50%.
(2) Пензијата од ставот (1) на овој член, се усогласува на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи, објавени од Државниот завод за статистика. Во случај кога порастот на трошоците на живот се со негативен предзнак, не се врши усогласување на пензијата.
(3) Заради примена на ставот (1) на овој член, пензијата остварена во тековната година претходно се сведува во месечен износ според порастот на нето платите од декември претходната година во однос на просечната нето плата истата година.
(4) Доколку бруто домашниот производ во претходната година има реален пораст повеќе од 4%, покрај усогласувањето од ставот (1) на овој член, пензијата се усогласува од 1 април тековната година во процент кој претставува разлика помеѓу реалната стапка на пораст на бруто домашниот пораст во претходната година и стапката од 4%.

Член 160
За директор, односно заменик директор на Фондот се именува домашно физичко лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според
ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум пет години работно искуство од областа на правото, финансиите, економијата и пензиското осигурување;
5) ќе понуди најквалитетна програма за работа на Фондот;
6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување „Службен весник на РСМ“, бр. 193/24)

Член 18
(1) Одредбите од членот 37 од овој закон не се применуваат во период од 1 септември 2024 година до 31 август 2025 година.
(2) На 1 септември 2024 година сите видови на пензии остварени согласно со овој закон заклучно со 31 август 2024 година се зголемуваат за 2.500 денари.
(3) На 1 март 2025 година сите видови на пензии остварени согласно со овој закон заклучно со 28 февруари 2025 година се зголемуваат за 2.500 денари.

(4) Заради примена на ставовите (2) и (3) на овој член, пензијата остварена во тековната година претходно се сведува во месечен износ според порастот на нето-платите од декември претходната година во однос на просечната нето-плата истата година.